This Project is Funded by the European Union
Овој проект е финансиран од Европската Унија
Ky projekt financohet nga Bashkimi Europian

Cross-Border Cooperation Program
Програма за прекугранична соработка
Programi Bashkëpunimit Ndërkufitar



Можат ли социјалните претпријатија од прекуграничниот регион на Северна Македонија и на Албанија да одговорат на предизвикот на работна интеграција на ранливи лица и на невработеноста?

СКОПЈЕ 2019

Ова резиме за јавните политики е подготвено врз основа на студијата за јавните политики, Социјалните претпријатија низ призмата на прекуграничната соработка - Република Северна Македонија и Република Албанија (Илијевски и Илоска, 2019), достапно на:https://public.org.mk/wp-content/uploads/2019/07/Socijalnite-pretprijatija-niz-prizmata-na-prekugranicnata-sorabotka_Republika-Severna-Makedonija-i-Republika-Albanija-1.pdf

Овој проект е имплементиран од:

Содржината е единствена одговорност на Асоцијација за истражување, комуникации и развој „Паблик“ и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската унија.

Целта на овој бриф на политиките е да понуди препораки до креаторите на политика за спроведување соодветни мерки и стратегии за унапредување на локалниот развој преку промовирање на социјалното претприемаштво во пограничниот регион на Северна Македонија и на Албанија. Анализата, од една страна, дава преглед на постојните локални предизвици и можности во определените региони, а, од друга страна, ги мапира капацитетите на постојните социјални претпријатија да се развиваат како одржливи бизнис-модели во решавањето на локалните предизвици.

ВОВЕД

Развојот на социјалните претпријатија и во Северна Македонија и во Албанија е на самиот почеток. Во Северна Македонија развојот е поврзан со случувањата во третиот сектор, како лимитираната финансиска поддршка за услугите што ги нудат граѓанските организации, децентрализацијата на системот за социјална заштита и зголеменото влијание и финансиската поддршка што е на располагање од страна на донаторската заедница. И во Албанија, социјалните претпријатија се појавиле во рамките на граѓанскиот сектор и се проекти поддржани од страна на странски донатори (Partners Albania, 2016). Како и во повеќето земји на Западен Балкан, граѓанскиот сектор претставува водечки фактор во развојот на социјалните претпријатија.

Ентитетите што го сочинуваат спектарот на социјалните претпријатија и во двете земји е разновиден. Во Северна Македонија не постои усвоена законска рамка што експлицитно ги регулира социјалните претпријатија. И покрај отсуството на специфични институционални форми за социјалните претпријатија, дел од постојните законски акти овозможуваат основање ентитети што делумно или целосно можат да бидат препознаени како социјални претпријатија, како на пример граѓански организации и фондации, кооперативи, заштитни друштва, комори на занаетчии, земјоделски задруги, а и неформалниот сектор за собирање отпад го има потенцијалот да биде трансформиран преку социјално претприемаштво. Во земјава, владата, првпат во својата програма за работа (2017-2020) го воведе социјалното претприемаштво предвидувајќи донесување закон за социјално претприемаштво преку кој ќе се олесни пристапот до пазарот на труд за социјално ранливи категории граѓани. Се предвидува и можност ранливите групи да го управуваат претпријатието, да донесуваат одлуки за управување на остварените приходи и за нивно инвестирање во социјални цели. Во официјалните владини стратегии, пак, концептот социјално претпријатие првпат е воведен во поопширни стратегии за соработка со граѓанскиот

сектор (2012-2017) каде што е предвидена поопшта мерка за развој на поширок концепт: социјална економија. Мерката предвидува активности што експлицитно целат на граѓанските организации со економски активности, притоа изоставувајќи ги другите модели што го формираат спектарот на социјални претпријатија. Истата визија е застапена и во рамките на тековната стратегија (2018-2020) во која социјалните претпријатија се гледаат само како механизам за обезбедување финансиска одржливост за граѓанскиот сектор.

Постојните социјални претпријатија, пак, во Албанија се регистрирани како: 1) непрофитни организации (асоцијации, центри и фондации), 2) трговци-поединци или компании со ограничена одговорност; 3) компании за реципрочна соработка и кооперативи. Во 2016 година е донесен Закон за социјалните претпријатија, меѓутоа спроведувањето на усвоената законска рамка е одложена и досега ниту еден ентитет нема добиено статус на социјално претпријатие. Намената на законот е да ја регулира работата на социјалните претпријатија, со фокус на заштита и социјална инклузија на ранливи лица преку: 1) вработување, притоа препознавајќи ги основните права на индивидуата да има пристап до основните ресурси за живот со дигнитет; 2) обезбедување можности за вработување за лица, чијашто возраст, здравствена состојба и фамилијарен статус не дозволуваат активно учество на отворениот пазар на трудот; 3) обезбедување добра и услуги, обезбедување соодветни можности за лицата со посебни потреби, како и обезбедување поддршка за жените на пазарот на трудот; и 4) економска и социјална интеграција на групите што имаат потреба, со промовирање општествена одговорност, солидарност и кохезија во заедниците.

Во текот на 2018 година процесот на креирање јавна политика што ги засега социјалните претпријатија во Албанија е повторно обновен. Притоа се донесени неколку подзаконски акти: 1) Листа на активности што ги спроведуваат социјалните претпријатија; 2) Дефинирана листа на ранливи категории граѓани; 3) Одлука за основање фонд за социјалните претпријатија; и 4) Опис на процедурата и на потребната документација за добивање статус на социјално претпријатие.

Во 2014 година Европската комисија донесе индикативна стратегија (2104-2020) за поддршка на Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Црна Гора, Србија и на Турција, која ги поставува приоритетите за хоризонтална и за регионална финансиска помош на ЕУ за периодот 2014-2020 година. Во областа на компетитивноста и на порастот, како најголем предизвик, извештајот во сите земји го идентификува создавањето нови работни места. Најголемите потенцијали се идентификувани во земјоделскиот сектор и во производството на храна, пред сè поради пристапот до земја, човечки ресурси, локацијата и климатските услови, кои можат да ги задоволуваат домашните, регионалните и европските пазари. Од друга страна, перспективите за пораст и за развој на земјите се под сериозна закана од нивната ранливост на климатски промени и од зависноста од фосилни горива. Соочувањето со невработеноста е еден од клучните приоритети на земјите од Западен Балкан. Земјите се соочуваат со значаен предизвик во создавањето нови и одржливи работни места, кои го поддржуваат економскиот пораст.

Во контекстот на стратегијата на ЕУ 2020, извештајот е со препорака Европската унија да обезбеди помош за земјите од Западен Балкан да можат да обезбедат поефикасни одговори на сигналите на пазарот, да го интегрираат земјоделството во проширувањето на регионалните и на интернационалните пазари, да ја унапредат ефикасноста и да обезбедат нови работни места надвор од секторот земјоделство. Регионалната соработка и размената на најдобра практика претставуваат ефикасен начин на промовирање рурален развој, особено во развојот на прекуграничната соработка.

МЕТОДОЛОГИЈА

Оваа студија се заснова на следниве методи: 1) длабински интервјуа со претставници на четиринаесет социјални претпријатија од Југозападниот, Полошкиот и од Пелагонискиот плански регион, преку квалитативно истражување со цел подлабоко да се согледа развиеноста на нивната социјална и економска димензија, како и на нивната управувачка структура, а и да се согледа овозможувачката средина во земјава за нивни развој. Истражувањето беше спроведено во периодот од ноември 2017 година до мај 2018 година; и 2) Десктоп истражување за мапирање на локалните предизвици и можности во Југозападниот, Полошкиот и во Пелагонискиот плански регион.

РЕЗУЛТАТИ

Од аспект на дејноста, генерално, најголем дел од дејностите во кои се движат социјалните претпријатија во пограничниот регион се домашно производство на храна, рачна изработка на ракотворби, хотелиерство и рурален туризам, што, од друга страна, нуди можности за здружување и за унапредување на соработката меѓу нив. Меѓутоа, треба да се истакне и дека социјалните претпријатија на пограничниот регион во Македонија имаат поширок спектар на дејности, кој, покрај наведените, вклучува и рециклирање, организирање фестивали, услуги за развој на креативни кампањи, како и изнајмување простор и вршење преведувачки услуги.

Од аспект **на постојните капацитети да отвораат работни места**, генерално, СП и во двете земји се мали ентитети, со мал број вработени или без вработени. Само два ентитета се со поголем број вработени, 12 и 16 лица. Карактеристично за ентитетите од пограничниот регион во Албанија е тоа што, главно, се фамилијарен бизнис, а дел од нив се одликуваат со високо сезонска работа и во тие периоди ангажираат дополнителна работна сила, понекогаш дури и до 60 лица.

Во Македонија, најголемиот број од ентитетите се социјални претпријатија за работна интеграција, но дел од нив немаат и не покажуваат свесност за потреба од соодветни програми за интеграција. Соработката на овие ентитети со бизнис-секторот и со институциите е незначителна и, главно, надворешните донатори се нивни најголеми поддржувачи. Во Албанија нема социјални претпријатија за работна интеграција, иако има ентитети што овозможуваат вклучување лица со маргинализиран социјален статус, како жени од рурални области, лица со посебни потреби.

Заедничко за социјалните претпријатија во пограничниот регион е што сите имаат дефинирани **социјални мисии**, кои обезбедуваат унапредување на благосостојбата на помалите заедници што живеат во помалку развиените региони. Најголем дел од социјалните претпријатија се фокусирани кон намалување на невработеноста, со акцент на жени и на ранливи категории граѓани, обезбедување услуги за стари и ранливи лица, локален социо-економски развој.

Сите социјални претпријатија во пограничниот регион имаат предизвици со остварувањето **добро управување**. Кај социјалните претпријатија во Македонија во основачките акти се дефинирани основните елементи на добро управување, меѓутоа не се применуваат. За социјалните претпријатија во Албанија карактеристично е тоа што не постои доволно развиена свест за потребата и за значењето на доброто управување.

Генерално, **социјалните претпријатија од пограничниот регион промовираат разновидност во своето работење**. Од родова перспектива, за сите социјални претпријатија е заедничко тоа што кај најголем дел од нив во менаџерските структури се жени. Една половина од ентитетите со кои е направено интервју од Македонија имаат едно или повеќе вработени лица од ранливи категории. Во пограничниот дел во Албанија, пак, најголем дел од ентитетите се фокусирани на долгорочно невработени лица, без вештини, и се гледаат како шанса за вклучување маргинализирани лица на пазарот на труд. Ентитетите од Македонија се со посилно изразен фокус и сензибилитет за ранливи категории граѓани и за нивно вработување, во споредба со ентитетите од Албанија.

Заеднички предизвик за сите социјални претпријатија од пограничниот регион останува унапредување на **соработката со бизнис-секторот, локалната самоуправа и со државата**. Најразвиена е соработката со донаторската заедница, меѓутоа оваа поддршка, главно, е проектна и во согласност со донаторската програма. Оттука, сите ентитети се соочуваат со предизвик да обезбедат инвестициски или инфраструктурен грант.

Генерално, кај ентитетите отсуствува **визионерство**. Најголемиот дел од нив наведуваат дека им се потребни финансии за подобро да го развијат бизнисот, но немаат стратегиски пристап кон идниот развој. Социјалните претпријатија од Македонија имаат пософистициран начин на водење на својот бизнис, во споредба со ентитетите од албанскиот пограничен регион. Повеќе од една половина имаат развиено бизнис-план и имаат направено и истражување на пазарот, додека, пак, една половина од нив имаат и развиени стратегии за развој. За разлика од нив, само четири ентитети од Албанија имаат развиен бизнис-план, од кои само три го следат. Карактеристично за

ентитетите од Албанија со кои е направено интервју е тоа што речиси сите наведуваат дека прават истражување на пазарот за потребата од нивните продукти, најчесто непланирано и без дефинирана методологија. Ниту еден ентитет нема пишани стратегии за развој. Социјалните претпријатија немаат стратегии за маркетинг и, главно, работат стихијно и без план. Дел од нив ги користат социјалните медиуми и веб-платформите за продажба на услугите, а за дел од нив како канали на продажба сè уште остануваат само саемите и организираните продажби.

Еден од **најголемите проблеми** со кои се соочуваат е **пласманот на своите производи и услуги**, но може да се заклучи дека најголемиот дел од нив не обрнуваат внимание на усовршување на својот производ и услуга, не ја препознаваат важноста од градење бренд за своето социјално претпријатие, а во однос на рекламирањето на своите производи и услуги, главно, работат стихијно.

Дополнително, ентитетите од пограничниот регион со кои е направено интервју ги идентификуваат следниве **пречки во своето функционирање**: недостиг од инвестиции, незаинтересираноста на државата да дава бенефиции за работата на овие ентитети, непрепознавањето на овие ентитети, недостиг од човечки ресурси, недостиг од познавање маркетинг и менаџмент на продажба, грантови за посета на саеми и размена на искуства, недоволни познавање од брендирање.

ЧОВЕЧКИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Во Македонија, пет од анализираните организации имаат свои вработени, при што бројката се движи од еден до тројца, а во едно социјално претпријатие бројката на вработени стигнува до 16 лица. Една од организациите има само хонорарно ангажирани лица, а другите четири, главно, средствата од продажбата на своите производи и услуги ги добиваат во готовина и ова се организации што обединуваат долгорочно невработени лица, меѓу кои има и лица со физички пречки.

Пет социјални претпријатија имаат едно или повеќе **вработени лица од ранливи категории** - лица со ментални и со физички пречки, припадници на ЛГБТ заедницата, Роми, а платата им е од 15.000 до 17.000 денари.

Само две од социјалните претпријатија во Македонија користеле **активни мерки за вработување**, и тоа за практиканство и за вработување лице помладо од 29 години. Едно од социјалните претпријатија поттикнало своја

членка - лице со пречки во развојот да се активира и да добие мерка за самовработување, меѓутоа овој потег не се покажал како успешен на долг рок. Две од социјалните претпријатија, пак, имале желба да искористат мерки, но не успеале бидејќи не задоволувале еден од условите, да имаат најмалку еден вработен.

Во Македонија, седум ентитети се **социјални претпријатија за работна интеграција.** Едно од нив не обезбедува дополнителна поддршка за ранливите поединци, друго помошта ја сведува на техничка, при пополнување документи, а трето - се обидува да им даде предност во издавањето на туристичките капацитети што ги нудат на лицата што издаваат соби, а во исто време и згрижуваат деца со посебни потреби. Другите имаат свои програми за интеграција или директна работа со ранливите поединци, кои го олеснуваат нивниот интегративен процес, развој на нивните вештини преку обуки. Три од социјалните претпријатија за работна интеграција не покажуваат свесност дека им е потребна ваква надградба.

Во пограничниот регион во Албанија најчесто дејствуваат мали социјални претпријатија, со тројца до шестмина **вработени** (осум ентитети), меѓу кои доминираат фамилијарни ентитети. По една организација има осум, односно 12 вработени, додека сезонското ангажирање лица доминира во работната сила на ентитетите (некогаш дури и до 60 лица).

Четири ентитети се **управувани** од жени, и покрај многубројните стереотипи со кои се соочуваат, успеале да им докажат на семејствата дека веруваат во своите идеи и менаџерски способности. Две од нив вработуваат само жени, додека две се насочени и кон млади лица, генерално.

Многу ентитети се гледаат како шанса за **вклучување маргинализирани лица** на пазарот на труд. За повеќето е важно лицето да знае да ја заврши работата или да сака да научи, а не само да има формални квалификации. Само три укажуваат дека поради фамилијарното бизнис-управување немаат можност за вработување лица со маргинализиран социјален статус. **Во Албанија нема социјални претпријатија за работна интеграција** и само еден ентитет укажува дека нуди техничка помош на лицата од маргинализирани групи, како обуки.

Спојувањето ентитети што би можеле да си помагаат во циклусот на производство или давање услуга е важен сегмент од поддршката за социјалните претпријатија во Албанија. Укажуваат дека им се потребни дополните знаења околу концептот за социјални претпријатија за работна интеграција.

ПРЕПОРАКИ

Соодветно, за да се развива потенцијалот на социјалните претпријатија да одговорат на предизвиците на работната интеграција и невработеноста, особено на социјално ранливите лица:

Јавната политика треба да:

- Ги препознае правните форми на СП во однос на даночна политика, финансирање, јавни набавки;
- Креира финансиски инструменти за поддршка на СП во насока на препознаените форми на резервирани средства на јавните институции или активни мерки за вработување што се приспособени за условите во кои дејствуваат СП;
- Го изостави критериумот „најниска цена“, кој ги ограничува СП во учество во јавните набавки;
- Развива кредитни линии за СП, кои ќе ги охрабрат кон чекори за финансиска одржливост (ниска камата, грејс-период од две до пет години);
- Го поттикне партнерството и вмрежувањето на локално ниво, општина и СП во одреден регион;
- Се стреми кон највисоко ниво на транспарентност во јавната политика за СП, вклучувајќи и активни мерки насочени кон СП.

Традиционалниот бизнис (ориентиран само кон профит) треба да:

- Ги вклучи СП во сопствениот систем на набавка на репроматеријали, преработка на делови, аутсорсинг, транспорт, итн;
- Поттикне размена на искуство со СП во однос на бизнис-планирање, брендинг, освојување пазари;
- Поттикне меѓусебно партнерство со СП и традиционалните бизниси за развој на иновации.

Социјалните претпријатија треба да:

- Се охрабрат кон создавање систем на внатрешно оперирање;
- Развиваат услуги во општествени сфери каде што има неопходност и простор за приватни оператори;
- Се охрабрат за користење финансиски инструменти (активни мерки, кредити), кои се приспособени на условите на нивното дејствување во земјата;
- Развиваат систем на менторство, особено во почетниот период на дејствување.



public

RESEARCH • COMMUNICATIONS • DEVELOPMENT

public.org.mk